# ОПШТИНИ
# РАДОВИШ И КОНЧЕ

## Стратешки План за 2007-2011

Изработен од Комисијата за Планирање
Мај - Декември 2006

Усвоен од Совет на Општината
Јануари, 2007

Inside Front Cover…

Should be used for acknowledgement of VNG, EKN, etc. . Logos etc.

Фасилитирањето и подготовката на овој план е овозможено со финансиска помош на Амбасадата на Кралството Холандија и техничка помош на ВНГ Интернатионал

**Почитувани граѓани и пријатели, добронамерници на Општина Радовиш,**

Вистинско богатство на секоја земја претставуваат нејзините граѓани и пријатели. Земјата и локалната заедница може да оствари напредок само доколку ги развива знаењето и вештините на сите свои граѓани. Да ги промовира и поттикнува партнерските односи на локалните интересни групи.

Финансиските средства сами за себе не можат да ги решат проблемите. Финансирањето ќе даде резултати само ако средствата се користат на јасен, прецизен, планиран и начин воден од резултати, со максимална искористеност на ресурсите и потенцијали на заедницата.

Предвидените активности за подршка на локалната економија во Стратегијата за локален економски развој и Профилот на заедницата се скроени во согласност со потребите на клиентите и граѓаните на истата. Главниот инструмент кој ќе биде користен е промоција на средните и малите претпријатија со подршка на нови и на веќе етаблирани средни и мали претпријатија, како водечка сила за локалниот економски развој.

Главните точки се:
- економскиот и општествениот развој;
- соработка во областа на земјоделието;
- заштита на животната средина;
- развој на туризмот и заштита на културното наследство;
- развој на локалната инфраструктура;
- образовни активности и обука.

Општината Радовиш се стреми да ги подобри условите за живот на граѓаните, на начин што би се искористиле компаративните предности што ги нудат природното опкружување и досегашната создадена инфраструктура со насока кон креирање на среќни, задоволни, безбедни и здрави граѓани.

За да поттикнеме правилен и здрав локален економски развој Ние, како двигатели на истиот мораме да создадеме една симбиоза помеѓу луѓето, природната околина и развојот на науката и технологијата, а паралелно со тоа културата и образованието да се развиваат кон позитивна насока.

И затоа добронамерници, граѓани и пријатели на Радовиш, упатувам отворена покана и Ви давам до знаење дека вратата на Општина Радовиш е секогаш отворена кон сите оргинални, позитивни идеи и иницијативи со цел унапредување на локалната заедница и подигање на квалитетот на животот на граѓаните.

***Со почит,***
***Градоначалник на Општина Радовиш***
***д-р Роберт Велков***

**Почитувани драги пријатели !**

Ако на почетокот на мојот прв мандат бев скептичен поради фактот што Општина Конче е мала општина и оддалечена од поголемите градски центри и главни комуникациски линии ,сега се повеќе сум уверен дека во ова денешно динамично време областите од карактерот на нашата општина ќе станат предност и можност за креирање на еден друг развој во областа на: производство на здрава органска храна ,земјоделството и сточарството, развивање на селскиот туризам ,планинскиот туризам, ловно-риболовниот туризам, езерскиот туризам итн.

Потврда за ова е и стратешкиот план на општина Конче кој благодарение и со помош на Амбасадата на Кралството Холандија како донатори и ВНГ Интернатионал и нивниот персонал како фасцилитатори и проектни менаџери денес Ви го презентираме планот,потенцијалите и можностите на нашата општина кој што се работеше тимски во изминатите десетина месеци.

Со стратешкиот план ги презентираме нашите можности но исто така и ширум ги отвараме нашите порти за сите кои сакаат соработка, пријателство, партнерство и инвестирање во нашата општина.

Конче со своите природни убавини се издвојува како посебен епитет од другите области од Македонија, општината во која доминира Лакавичката котлина, безбројните мали поточиња и рекички, двете Конечки езерца и општинскиот бисер езерото Мантово ; заградена од сите страни со планините : Конечка Планина,Смрдешник и Сенечка планина и преставува посебно издвоен микро регион.

Конечка Планина (Серта) со своите природни шуми и извори бистри како момински очи , овозможува клима која ретко се среќава. Југоисточниот ветер со својот влажен здив донесува поздрав од Егејското Море, додека северниот ветер донесува сува континентална клима.

Општина Конче е место каде се меша минатото со сегашноста. Како пример се разрушените ѕидини од тврдината (пирокот) во составот на манастирскиот комплекс св. Стефан од 1366 год., повторната градба на конакот во истиот комлекс, џамијата од 18 век која носи белег и од минатото и сегашноста ,тука е и војводината чешма како спомен за револуционерните движења и голем број на други споменици и археолошки наоѓалишта од римското и други времиња.

Уште еднаш искрена благодарност до сите кои помогнаа во овој процес. Стратешкиот план ги одредува нашите цели , можности и предизвици и се надевам дека со заеднички сили и тимска работа ќе успееме да го реализираме.

Искрено и со почит !

**Општина Конче**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Дипл.инж.технолог Стојан Лазарев**

## ПРОЦЕСОТ и Комисијата

Вредноста на стратешкото планирање неможе да биде прецenета. Тоа типично вклучува собирање на луѓе од сите делови на општеството за да дискутираат и изберат што е најдобро за долгорочните интереси на заедницата. Бидејќи многу, ако не и сите од овие луѓе имаат деца , тие имаат загарантирана повеtеност и интерес, за подобрување на локалната економија што е мотивирачкиот фактор во добивањето на нивното учество.

Стратешкото планирање е продолжен процес кој и овозможува на општината да го одреди правецот и да осигура дека повеќе конкретни финансиски одлуки ќе бидат ускладени со желбите и копнежите на заедницата како целина и насочени кон конкретни цели и под-цели. Стратешкото Планирање обезбедува рамка која соединува серија од помали проекти, со цел да оствари поширoки економски цели. Поради тоа, стратешкото планирање им помага во директниот економски развој на заедниците кон реализирањето на долгорочни остварливи цели. Клучно, овој пристап се фокусира на иницијативи кои се достижни. Воспоставени се реални цели кои заедницата може да ги оствари.

Можеби главниот ефект на стратешкиот процес е што ја држи заедницата фокусирана. На некој начин процесот на стратешко планирање не прави конкретни одлуки колку и каде ресурсите ќе бидат инвестирани, но тој осигурува дека процесот ја држи вистинската патека и трошоците кои се направени се однесуваат во саканата насока на општината.

Иако стратешкото планирање се фокусира на долг период , тоа не треба да се помеша со програмите за долгорочно капитално планирање. Постојат многу значајни разлики. Стратешкото планирање се фокусира на насочување и не контролира. Важна цел на процесот да ја постави општината или друг ентитет на патеката кон успешна иднина. Стратешкото планирање го нагласува пристапот од доле нагоре на вклучување на поширoката заедница во донесувањето на одлуки. Ова е клучно за неговиот успех.

Иако постојат и други начини за превземање на овој процес, можеби најопштоприфатениот е со основање на Комисија за планирање на економскиот Развој (КПЕР). Ваквата комисија типично е составена од преставници на различни сегменти на заедницата, како стопанственици, организации на стопанственици како на пример Стопанска Комора, Невладини организации, религиозни, културни и граѓански организации, и локалната власт. Овие лидери на зедницата се повикани да ги искористат своите лидерски вештини и истакнати позиции. Дополнително на позицијата која ја имаат во заедницата, при нивното именување треба да се земе во предвид и желбата да служат и да посветат време и напор на процесот за добробит на сите.

Со ова размислување беше превземена програмата за Стратешко плнаирање на локалниот економски развој на Радовиш и Конче. Од процесот што беше превземен произлегоа добиени резултати и произлезе план кој што е приложен кон овој извештај и документ осмислен да служи како Стратешки план за економски развој на Радовиш и Конче.

**Листа на членови**
**Комисија за Стратешко Планирање**
**на општините Радовиш и Конче**

| | **Општина** | **Учесник** | **Работно место/ Организација** |
|---|---|---|---|
| 1 | Радовиш | Иванка Соколова | Претседател на АУСЖМ Женска Акција |
| 2 | Радовиш | Стојка Свиркова | Претседател на здружение на инвалиди на трудот |
| 3 | Конче | Димчо Димов | Претседател на МЗ Лубница |
| 4 | Радовиш | Нада Ципушева | Професор во Д.С.У.„Коста Сусинов„ член на Советот на Општина Радовиш |
| 5 | Радовиш | Миле Манчев | Раководител на одделение за комуналии |
| 6 | Радовиш | Борче Долдуров | Комунален Испекто-ЕЛС Радовиш |
| 7 | Конче | Начо Донев | Земјоделец |
| 8 | Радовиш | Душко Лажовски | Комунален Испектор-ЕЛС Радовиш |
| 9 | Радовиш | Трајче Ангелов | Инспектор по шумарство |
| 10 | Радовиш | Верица Темелкова | Канцеларија за ЛЕР |
| 11 | Радовиш | Ѓурѓа Миленкова | Новинар ТВ ЕМИ |
| 12 | Радовиш | Ристо Јакимовски | Директор на ЈЗО „Здравствен дом„ |
| 13 | Радовиш | Сашко Николов | член на Советот на Општина Радовиш |
| 14 | Конче | Славчо Петров | Претседател на МЗ 'Горица' |
| 15 | Конче | Трајанка Петрова | Организација на жени Конче |
| 16 | Радовиш | Димитар Ристов | Директор на Центар за култура „Ацо караманов„-Радовиш |
| 17 | Радовиш | Славчо Тодоров | Професор во Д.С.У. „Коста Сусинов„ член на Советот на Општина Радовиш |
| 18 | Радовиш | Борче Панов | Советник за култура-ЕЛС-Радовиш |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Конче | Зоран Илиевски | Претседател на МЗ - „Габревци„ |
| 20 | Радовиш | Јосип Ангелов | Виш соработник на ПЕ МЗВШ |
| 21 | Конче | Ацо Илиев | Претставник на МЗ - „Дедино„ |
| 22 | Радовиш | Николајчо Николов | Заменик генерален директор на ДПТУ „Бучим„-Радовиш |
| 23 | Конче | Златко Јанкулов | Асистент на Филозофски факултет -Скопје |
| 24 | Радовиш | Крсте Горгиев | Економист во „Тргоинженеринг„ ДООЕЛ Best Food |
| 25 | Конче | Спасе Јованов | Стопанственик |
| 26 | Радовиш | Лилјана Келкоцева | Сопственик на ДМК„Конели„ |
| 27 | Радовиш | Валентина Јанева | Извршен директор на „Стопанска банка„ филијала Радовиш |
| 28 | Радовиш | Марика Филева | Раководител на Упрва за јавни приходи |
| 29 | Конче | Абдураман Саидов | Наставник |
| 30 | Радовиш | Оливера Долдулова | Раководител на оддел за правни и заеднички работи-ЕЛС Радовиш |
| 31 | Радовиш | Лазар Газепов | Канцеларија за ЛЕР |
| 32 | Конче | Ленче Костадинова | ЕЛС-Конче |
| 33 | Конче | Тинка Ангелова | Советник за правни прашања-ЕЛС-Конче |
| 34 | Радовиш | Марјан Јованов | ЈП „ПРОГРЕС„ |
| 35 | Радовиш | Александар Иванов | Раководител на сектор за урбанизам и комунални работи-ЕЛС Радовиш |
| 36 | Радовиш | Тошко Кукутанов | Р.О „МАНТОВО„-Директор |
| 37 | Радовиш | Елизабета Кирилиева Коцева | Овластен општински инспектор за сообраќај-ЕЛС Радовиш |
| 38 | Радовиш | Снежана Стојчева | Општински инспектор за урбанизам и градба-ЕЛС Радовиш |
| 39 | Радовиш | Зекимирен Усеинов | Здружение на граѓани „КУРДЕТ„ |
| 40 | Конче | Ванчо Стојанов | ЈП „Лакавица„ |
| 41 | Конче | Благој Јованов | Комунален Инспектор-ЕЛС Конче |
| 42 | Конче | Амед Абдиев | Член на Совет на општина Конче |
| 43 | Радовиш | Лилјана Карталова | Советник за нормативно-управноправни работи |
| 44 | Конче | Ацо Митев | ЈП „Лакавица„ |
| 45 | Радовиш | Жаклина Павикевиќ | Новинар-ТВ ЕМИ |
| 46 | Конче | Слободан Спасов | Член на Совет на општина Конче |
| 47 | Радовиш | Ристе Стевков | Советник -ЕЛС Радовиш |
| 48 | Радовиш | Јаворка Спасова | Одбор на Месни Заедници |
| 49 | Конче | Аце Поцков | Заменик претседател на МЗ |
| 50 | Конче | Ацо Трајков | Член на Совет на општина Конче |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 51 | Конче | Дончо Тушев | Дирекција за заштита и спасување |
| 52 | Радовиш | Благој Лукаров | ЈП ,,Плаваја,, |
| 53 | Радовиш | Игор Крстев | Референт за комунални дејности |

## ИЗЈАВА ЗА МИСИЈА НА ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОНЧЕ

Изјавата за мисија, во суштина е пишано изразување на колективната визија на тоа што општината сака да стане. Намерата е да се биде доволно сеопфатен за да се покријат сите фактори што влијаат на уреден, прогресивен и лесен за управување растеж и развој на заедницата. Понатаму ги зема во обзир работите што влијаат на квалитетот на животот на сите граѓани.

Во реторичка смисла изјавата за мисија е колективен одговор на следниве прашања.

- Во кој бизнис треба да се вклучиме?
- Зошто ние постоиме?
- Што е уникатно или различно за нашата организација (општина)?
- Кои се главните муштерии,клиенти или корисници (граѓани)?
- Кои се нашите главни производи или услуги?
- Што е разликата во нашето пружање на услуги пред 5 години? Пред една година?
- Што веројатно ќе биде различно 3-5 години од сега?

## *И З Ј А В А   З А   М И С И Ј А*
## *НА ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОНЧЕ*

Општините Радовиш и Конче да ги подобрат условите за живот на граѓаните, на начин што би се искористиле компаративните предности што ги нудат природното опкружување и досегашната создадена инфраструктура со насока кон креирање на среќни, задоволни, безбедни и здрави граѓани, преку:

1. Ревитализирање на постојните и создавање на нови стопански капацитети, преку:
   - Подршка при формирањето на нови мали и средни претпријатија;
   - Подршка на постојните мали и средни претпријатија;
   - Подршка на големите претпријатија и континуирана соработка со иститe;
   - Подршка при производството на здрава храна;
   - Подршка на земјоделците-сточарите и земјоделското-сточарското производство на постојните видови и култури, како и воведување на нови видови и култури;
   - Обезбедување и создавање на сигурни и трајни работни места;
2. Подобрување на постоечката и изградба на нова инфраструктура;
3. Трајно решавање на стамбениот статус ;
4. Креирање на стратегија за одржлив економски развој во областите на:
   - Бизнис клима;
   - Наука и образование;
   - Култура и спорт;
   - Туризмот (планински, селски, алтернативен, ловно-риболовен, археолошки итн.);

5. Развивање на досега неискористени нови можности и перспективи;
6. Да им даде можност и да ги ангажира локалните НВО во процесот на Локален Економски Развој;

# АНАЛИЗА НА АНКЕТАТА СТАВ НА БИЗНИСОТ КОН СТРАТЕШКОТО ПЛАНИРАЊЕ

**Со цел да се помогне во обезбедувањето на вредни информации за моменталните бизнис услови, локалниот растеж и развој и ставот на бизнисите кон локалната власт и пружањето на услуги , спроведена беше опфатна бизнис анкета. Анализата што следи е обезбедена од резултатите на таа анкета. Празен примерок од самата анкета е доставено како анекс на овој план.**

Анкетата за бизнис истражувањето што беше спроведена во Радовиш/Конче е завршена и резултатите се обработени. Резултатите, добиени од 30 различни бизниси обезбедуваат преглед на гледиштата на локалните бизниси во врска со заедницата во кои тие бизниси функционираат. Резултатите на истражувањето не покажуваат јасни претстави во неколку области, а тоа е многу битно за изработката на стратешкиот план и истото ќе има значително влијание при дефинирањето на споредбените предности за одредени области бидејќи постојат многу мали индикациии од истражувањето дека постои консензус околу истото. Битно е и поради тоа бидејќи покажува дека во заедницата не постои колективно фокусирање кон прашањата поврзани со унапредувањето и растежот.

Истражувањето е спроведено со 30 различни бизниси. Најголемиот број од нив спаѓаат во категоријата на малопродажба и обезбедување услуги. Ова е конзистентно на испитувањето на степенот на вработеност во индустријата, каде што 83% од испитаните бизниси спаѓаат во категоријата “многу мали” со по 10 или помалку вработени. Постои загриженост од страна на аналитичарот дека ова тотално не ја отсликува заедницата и можеби комисијата би сакала повторно да ги погледне и да ги разгледа резултатите.

Се чини дека бизнисите кои беа опфатени во анкетата (истражувањето) се релативно нови бизниси. Имаше само неколку кои постојат подолго време. Околу 70% од нив функционираат помалку од десет години. Голем процент од нив истакна дека опсегот на пазарот е многу мал и дека околу 90% од производите и услугите се продаваат во локалната област. Ова е многу висок степен, но е во согласност со видот на бизнисите опфатени во истражувањето.

Истражувањето покажува дека постои оптимизам во однос на бизнисите, односно 96% истакнуваат дека планираат да ги прошират своите бизниси во текот на следните две години. Исто така, нето и бруто профитите покажуваат барем мало зголемување во текот на последние пет години.

Од областите кои може да се битни за процесот на планирање имаше необично големо барање за обука. Во скоро секоја дадена категорија имаше

50% или повеќе изразена потреба за обука. За категориите кои опфаќаа основни обуки за вештини како комуникација, маркетинг, менаџерски способности и компјутерски вештини е изразен висок степен на потреба. Само основните вештини, како основна математика, читање и пишување не беа назначени како битни, најверојатно бидејќи вработените се добро обучени во овие дисциплини. Овој голем степен на ваква потреба може да биде основа за размислување на одреден вид на дополнително образование, вечерни училишта (за возрасни) или програми за продолжително обрзование.

Друг фактор на интерес беше недостатокот на вклученост во скоро ниедно (всушност постои едно) бизнис здружение. Бидејќи најчесто обуката се поврзува со вакви асоцијации, ова би можело да биде поврзано со претходното прашање.

Една од првите индикации е дека нема општ преглед на ситуацијата , а тоа произлезе од прашањето во кое се бараше да се назначат петте фактори кои го кочат проширувањето на бизнисите. Беа добиени околу 50 одговори. Најчесто споменувани беа следните:

- Не можност за добивање на кредити или кредити со високи каматни стапки (76%)
- Низок животен стандард (53%)
- Лоша инфраструктура во општината (37%)
- Висока даночна стапка (20%)

Во разгледувањето на локалната самоуправа и нејзината улога исто така имаше големи разлики. Скоро ист број на испитаници сметаат дека таа има големо и значајно влијание и мало и никакво влијание. Во однос на тоа што може да направи општината имаше повторно 39 предлози со најголем процент на прашањето на "помали даноци" прашање врз кое општината има ограничена контрола. Од друга страна пак, видливо е дека воопшто не се споменати јавните услуги и квалитетот на истите услуги, прашање врз кое општината има значителна контрола.

Во прегледот на категориите на прашања во врска со тоа што влијае на бизнисите, резултатите беа повторно измешани и повторно беше даван најкарактеристичниот одговор насочен кон одданочувањето.

Работните односи со локалната самоуправа се чини се во најголем дел задоволителни, и секако со повторно еднаков број на одговори кои преглагаат нешто подобро и нешто полошо. На прашањето каде локалната самоуправа може да има најголемо влијание имаше одговори како има позитивно влијание, до огорчени одговори или пак "никакво влијание", помош при урбанистичко планирање(просторно планирање).

Општиот став во врска со локалната самоуправа и огромната зависност од истата институција за активностите на ЛЕР предлагаат дека ова би можело да биде област на која би се обрнало внимание во планот. Прашањето за тоа како овој однос би можел да се подобри и какви активности да се преземат би било соодветно врз база на одговорите. Општо земено се смета дека луѓето ја гледаат општината како одговорна но немаат позитивно чувство за врската со неа.

На последните прашања за бизнис прегледот на економскиот развој и на квалитетот на животот имаше конфузни резултати (одговори). На пример, индустријата за преработка на храна е рангирана како четврта во најбрзо растечките бизниси, додека одгледувањето на добиток и овошје, основните матерјали за бизнисот на преработка на храна, се рангирани како индустрии кои најбрзо се намалуваат. Списокот на секторите кои најбрзо се развиваат е следен:

- Текстилна (100%)
- Градежништво (28%)
- Производство на млеко и млечни производи (28%)
- Производство на храна (24%)
- Трговија на мало ниво. (23%)

Кадешто водечки во индустрии кои се намалуват се

- Одгледувањето на добиток и овошје (70%)
- Трговијата (36%)
- Индустијата на минерали (23%)
- Одгледување на риба (16%)

Очигледните контрадикторности во одредени наоди бараат преглед и подетална анализа пред да се донесат некои значајни одлуки. Состојбата е уште покомплицирана од одговорите на прашањето што ве прави најпривлечни при што следните три најчести оговори се:

- Минералните ресурси
- Термалните води
- Производството на храна.

Фактот што минералните ресурси се ставени како индустрија што се намалува, а термалните води претходно не се спомнуваат, дополнннително ја компликува анализата.

Последното прашање не помага многу да се разреши оваа дилема, бидејќи буквално не постои консензус во однос на слабостите и што треба да се направи за да се подобри сосотојбата. Претпоследното прашање во врска со важноста на квалитетот на животот во заедницата предлга еден од неколкуте одговори на консензус на анкетата, а тоа е општо согласување дека е

потребено големо јавни средства  за значајно подобрување на квалитетот на животот.

Да резимираме, работи кои  би требало да се истакнат во врска со оваа истражување се следниве:

- Консензус за природата на проблемите и како да се решат истите всушност не постои, и покрај фактот дека не постои нетрпеливот и  непријателство кон другите, се чини дека не постои ни заедничка основа.
- Постои потреба од детален преглед на прашањата за споребена предност и  да се види каков консензус може да се постигне.
- Постои потреба од огромен придонес од страна на локалната самоуправа и по можост од други извори  за да се доведе квалитетот на животот  до степен кој го посакуува заедницата.
- За насоките, клучните парашања и евентуалниот  акционен план би требало претходно да се продискутира и да се направат компромиси.
- Очигледната конфузија и контрадикторности во некој од заклучоците од анкетата бараат подетално внимание за да може подобро да се одредат чувствата на целокупната бизнис заедница.

# SWOT АНАЛИЗА

Почетната SWOT Анализа направена од страна на комисијата како резултат ги имаше следните прашања кои беа покренати како клучни за општините.

**ЈАКИ СТРАНИ**:

1. Плодно земјиште
2. Клима
3. Географска положба
4. Воден потенцијал
5. Шумски потенцијал
6. Рудно богатство
7. Кадровски потенцијал
8. Соодветна урбанистичка планираност-(ГУП)
9. Ефтина и слободна работна сила
10. Еколошки чиста и здрава средина
11. Изграден систем за водоснабдување
12. Културно-историски споменици и археолошки локалитети

**СЛАБИ СТРАНИ**:

1. Нема „Агро берза„ и стихијно земјоделско производство
2. Недоволна и несоодветно изградена патна мрежа
3. Недоволно искористени водени ресурси
4. Недоволно преработувачки капацитети
5. Немање стратешки план за ЛЕР
6. Несоодветна професионална ориентираност
7. Изработка не ДУП за нови индустриски зони
8. Недоволна меѓусекторска соработка
9. Недоволна едукација на кадарот во институциите
10. Неспроведување на законската регулатива
11. Недостаток на ИТ технологија
12. Невработеност
13. Неповолна кредитна политика(високи камати и непризнавање на хипотеки)
14. Недостаток на високостручен кадар
15. Централно управување со ресурси
16. Немање арондација
17. Непостоење на субвенции
18. Неефикасна администрација
19. Отсуство на брендови
20. Непостоење на менаџерски структури

21. Непостоење на едношалтерски систем
22. Високи цени на репроматеријали

**МОЖНОСТИ:**

1. Оранжериско производство и одгледување на јужни култури
2. Производство на еколошки здрава храна
3. Директно патно поврзување со соседните општини
4. Алтернативен туризам
5. Непостоење на туристичка понуда
6. Директно седундарно производство
7. Постоечки човечки ресурси за нови вработување
8. Истражување за:
    - искористување на природните ресурси;
    - производство на здрава храна;
    - развој во областа на менаџментот;
    - воведување на информациски систем;
    - воведување рационален систем за образование;
    - олеснителни околности за земјоделието;
    - кредити, даноци
9. Развој на алтернативен туризам: рурален, културен, археолошки, спортски, ловен и риболовен и еко-туризам
10. Доизградба на патна и комунална инфраструктура
11. Развој на регионална и трансгранична соработка: ЦП и ИНТЕРРЕГ.
12. Изградба на мали хидроцентрали и акумулации
13. Искористување на соларна енергија
14. Изградба на преработувачки капацитети за земјоделски производи
15. Градење и проширување на нови капацитети за искористување на рудното богатство
16. Развој на мали и средни капацитети за финални производи
17. Отварање на дисперзирани студии во Радовиш

**ЗАКАНИ**

1. Недоволно финансиски средства
2. Одлив на стручен кадар
3. Недостаток на законска регулатива
4. Бавен процес на заживување на процесот на децентрализацијата
5. Ниско ниво на јавна свест
6. Ниско ниво на културна еманципираност
7. Миграција село-град и Емиграција

# ТЕМИ И КРИТИЧНИ ПРАШАЊА

**Како што претходно беше наведено процесот за изработка на стратешки план има десет чекори. Два од тие чекори вклучуваат избор на пошироки теми и нивно елаборирање во Критични прашања. Темите избрани од членовите и елаборираните критични прашања во секоја категорија се наведени подолу.**

**ТЕМИ**

1. ЗЕМЈОДЕЛСТВО/ЗДРАВА ХРАН
2. ОБРАЗОВАНИЕ
3. ВРАБОТУВАЊЕ/СТОПАНСТВО/ТУРИЗАМ
4. ИНФРАСТРУКТУРА
5. РЕСУРСИ
6. КУЛТУРА И ЈАВНА СВЕСТ
7. ЗДРАВСТВО

## *КЛУЧНИ ПРАШАЊА*

## *ПОД-ГРУПА:БИЗНИС КЛИМА*

ТЕМА: ЗЕМЈОДЕЛСТВО/ЗДРАВА ХРАНА

1. Водоснабдување-изградба на систем
2. Агро-технички мерки
3. Финансиски стимулации
4. Агро берза

ТЕМА: ОБРАЗОВАНИЕ

1. Изградба на училишта
2. Современи нагледни средства
3. Квалитетен кадар
4. Воведување практична настава
5. Отварање стручни паралелки за потребите на стопанството

ТЕМА:ВРАБОТУВАЊЕ/СТОПАНСТВО/ТУРИЗАМ

1. Подршка на постојните капацитети и ревитализација
2. Изработка на ДУП за Индустриска зона
3. Неповолна кредитна политика
4. Недостаток на високо стручен кадар
5. Бизнис Клима
6. Културно историски споменици

ТЕМА:ИНФРАСТРУКТУРА

1. Современа патна инфраструктура
2. ревализација на ГУП
3. Комунална инфраструктура
4. Стамбена инфраструктура

ТЕМА:РЕСУРСИ
1. Рудни богатства
2. Воден потенцијал
3. Ефтина работна сила-кадровски потенцијал
4. Искористување на сончевата енергија и ветрот
5. Шумски потенцијал и пасишта

ТЕМА: КУЛТУРА И ЈАВНА СВЕСТ
1. Неефикасна администрација
2. Непостоење објекти за култура
3. Подршка на фолклорни друштва
4. Културна едукација на граѓаните
5. Отварање информативен центар

ТЕМА:ЗДРАВСТВО
1. Изградба на болница
2. Техничка опременост на установите
3. Овозможување бенифиции во лекувањето за сите
4. Стручен специјалистички кадар

## *ПОД-ГРУПА: КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ*

ТЕМА: ЗЕМЈОДЕЛСТВО/ЗДРАВА ХРАНА
1. Планско производство
2. Систем капка по капка
3. Откуп
4. Преработка
5. Арондација
6. Асоцијации на земјоделци

ТЕМА: ОБРАЗОВАНИЕ
1. Високи плати
2. Реформа
3. Нови објекти
4. Современа опрема
5. Целодневна настава
6. Бесплатни учебници

ТЕМА:ВРАБОТУВАЊЕ/СТОПАНСТВО/ТУРИЗАМ
1. Неразвиено стопанство
2. Кредити-поволни

3. Мало стопанство
4. Селски туризам

ТЕМА: ИНФРАСТРУКТУРА
1. Урбанистичко планирање
2. Локални и регионални патишта
3. Водоснабдување
4. Комунално уредување

ТЕМА:РЕСУРСИ
1. Рударство
2. Земјоделие
3. Шумарство
4. Сточарство
5. Човечки Ресурси

ТЕМА: КУЛТУРА И ЈАВНА СВЕСТ
1. Објекти
2. Опрема
3. Креативни луѓе
4. Пари

ТЕМА:ЗДРАВСТВО
1. Реформа-приватно
2. Стручна едукација
3. Современа опрема
4. Одржување на објекти
5. Високи плати

## *ПОД-ГРУПА:МОЖНОСТИ НА ЗАЕДНИЦАТА*

ТЕМА: ЗЕМЈОДЕЛСТВО/ЗДРАВА ХРАНА
1. Овоштарство
2. Лозарство
3. Сточарство
4. Пољоделство
5. Воден потенцијал
6. Агро берза
7. Вештачко ѓубриво и заштитни средства

ТЕМА: ОБРАЗОВАНИЕ
1. Нови училишта (2)
2. Техничка опрема
3. Млад стручен кадар

4. Отварање нови насоки во образовниот систем за потребите на стопанството

ТЕМА:ВРАБОТУВАЊЕ/СТОПАНСТВО/ТУРИЗАМ
1. Поволности во плаќање на комуналии во индустриска зона да се изгради инфраструктура
2. Зајакнување на канцеларија на Локален економски развој
3. Подршка на мали и средни претпријатија
4. Даночни олеснувања
5. Доквалификација и преквалификација на постоечки кадар

ТЕМА:ИНФРАСТРУКТУРА
1. Локални и регионални патишта
2. Изградба на водовод и канализација во секое населено место
3. Подобрување на напон на електручна мрежа
4. Гасификација
5. Изградба на дом за пензионери
6. Изградба на граѓански креативен центар или реконструкција
7. Изградба на ППЗ-зграда на регионално ниво Радовиш-Конче

ТЕМА:РЕСУРСИ
1. Геолошки истражувања
2. Отварање на дисперзирани студии во Радовиш

ТЕМА: КУЛТУРА И ЈАВНА СВЕСТ
1. Дом на културата
2. Едукација за подигнување на јавната свест во делот за заштита на животната средина
3. Фестивал на народна музика
4. Саем на книга и специфична литература
5. Откривање на постоечки археолошки локалитети
6. Реставрација на стари објекти

ТЕМА:ЗДРАВСТВО
1. Организирање на служба за брза помош
2. Едукација за бруцелоза и слични заразни болести
3. Имунизација на населението

## *ПОД-ГРУПА: РЕСУРСИ НА ЗАЕДНИЦАТА*

ТЕМА: ЗЕМЈОДЕЛСТВО/ЗДРАВА ХРАНА
1. Наводнување
2. Едукација на призводителите
3. Информатички систем за пазарните движења
4. Агро берза

5. Субвенции за стратешки култури
6. Оранжериско производство

ТЕМА: ОБРАЗОВАНИЕ
1. Училишен простор
2. Училишна опрема и кабинети
3. Доедукација на наставниот кадар
4. Воведување насоки според потребите на стопанството

ТЕМА:ВРАБОТУВАЊЕ/СТОПАНСТВО/ТУРИЗАМ

1. Воведување едношалтерски систем
2. Подршка на мали и средни претпријатија
3. Создавање на услови за алтернативен туризам (археолошки локалитети)
4. Селски,планински и Еко туризам
5. Културен туризам
6. Заштита на домашните брендови
7. Ублажување на даночната политика
8. Намалување на кредитните стапки
9. Субвенции при вработувањето на лица
10. Ловен и риболовен туризам

ТЕМА:ИНФРАСТРУКТУРА
1. Реконструкција на постојната инфраструктура
2. Изградба на нова инфраструктура
3. Патишта (локални и регионални)
4. Водоснабдување и одводи

ТЕМА:РЕСУРСИ
1. Рудно богатство
2. Водни ресурси
3. Шумски ресурси
4. Термални води
5. Човечки потенцијал

ТЕМА: КУЛТУРА И ЈАВНА СВЕСТ
1. Музеи
2. Културни манифестации (театри,кино,фестивали)
3. Трибини
4. Медиумски кампањи за клучни прашања
5. Културни споменици
6. Подигање на јавната свест за зачувување на јавните добра

ТЕМА:ЗДРАВСТВО
1. Специјализации и суб-специјализации
2. Превентивна медицина

3. Рехабилитациони центри

## СТРАТЕШКИ ПЛАН на ОПШТИНИТЕ РАДОВИШ И КОЧЕ

Финалниот производ е Стратешки План. Подолу е планот како што беше изработен од Комисијата.

**ЦЕЛ 1:**
**Подршка на Канцеларија за ЛЕР преку техничко опремување и обуки на кадарот.**

**Под-цел:1.1 Обезбедување на континуирана обука на кадарот кој работи во канцеларија за ЛЕР.**

**Чекор на напредок 1.1.1** Изготвување на годишен план за финансиските потреби на канцеларијата за ЛЕР
Одговорност> Вработени во ЛЕР
Временска рамка: јануари 2007 година

**Под-цел: 1.2 Техничко опремување на канцеларија за ЛЕР**

**Чекор на напредок 1.2.1** Набавка на опрема за потребите на канцеларијата за ЛЕР (компјутер, печатач....)
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: март 2007 година

**ЦЕЛ 2:**
**Развој на земјоделската инфраструктура за зголемување на приходите за 5 % годишно.**

**Под-цел:2.1 Зголемување на снабдувањето со вода со користење на нови извори за тековниот иригационен систем и реконструкција во општина Радовиш**

**Чекор на напредок 2.1.1** Анализа на постоечката состојба и можностите за водоснабдување,утврдување на потребите од снабдувањето со вода.
Одговорност> ЈП Мантово-директор и ЈП Плаваја-директор
Временска рамка: јануари 2007-декември 2010 год.

**Чекор на напредок 2.1.2** Изработка на физибилити студија и проекти
Одговорност> Експерти и надлежни служби во РО Мантово и ЈП Плаваја
Временска рамка: декември 2007 година

**Чекор на напредок 2.1.3** Поднесување на извештај до општинските совети
Одговорност> Директори на јавни претпријатија
Временска рамка: февруари 2008 година

**Под-цел:2.2 Изградба на нов систем за наводнување од 2007-2010 год. во Општина Конче.**

**Чекор на напредок 2.2.1** Анализа на постоечката сосотојба и можности за изградба на нов систем за водоснабдување.
Одговорност> Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: јануари 2007-декември 2010 год.

**Чекор на напредок 2.2.2** Изработка на физибилити студија и проекти
Одговорност> Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: декември 2007 година

**Чекор на напредок 2.2.3** Поднесување на извештај до советот
Одговорност> Градоначалник на општина Конче

Временска рамка: февруари 2008 година

**Под-цел:2.3. Подобрување на полските патишта во двете општини до 2008 год.**

**Чекор на напредок 2.3.1** Анализа на постоечката состојба со полските патишта.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: април 2007

**Чекор на напредок 2.3.2** Изработка на извештај за потребата и подобрување на полските патишта
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам
Временска рамка: мај 2007 година

**Чекор на напредок 2.3.3** Вметнување на полските патишта во Програмата за комунално уредување и локални патишта.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: јуни 2007 година

**Под-цел:2.4. Поддршка на земјоделците за воведување систем капка по капка во период од 2007-2011 год.**

**Чекор на напредок 2.4.1** Изработка на студија за можностите од воведување на системот капка по капка.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: јануари 2007-декември 2007 год.

**Чекор на напредок 2.4.2** Организирање на состанок со претставници од Општината и ПЕ на Министерството за земјоделство и Асоциации на земјоделци за можностите од воведување на системот капка по капка.
Одговорност> Канцеларија за ЛЕР, подрачно одделение на министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство.
Временска рамка: Февруари 2008 година

**Чекор на напредок 2.4.3** Подготовка на проекти за одредени земјоделски површини во микрорегионот на Радовиш и Конче.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: февруари 2009 година

**ЦЕЛ 3:**
**Подобрување на патната инфраструктура во период од 2007-2011 год.**

**Под-цел:3.1. Конструкција и реконструкција на локалните патишта во период од 2007-2011 год. во двете општини**

**Чекор на напредок 3.1.1** Подготвување на извештај за утврдување на приоритети.
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам.
Временска рамка: мај 2007 година

**Чекор на напредок 3.1.2** Изработка на техничко-инвестиционна документација за локална патната инфраструктура.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: 2007-2011 год.

**Чекор на напредок 3.1.3** Изготовка на апликации и доставување на техничката докумантација до донатори и Министерство за транспорт и врски
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам и канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: мај 2007 декември 2011год.

**Под-цел:3.2. Конструкција и реконструкција на регионалните патишта во период од 2007-2011 год. во двете општини.**

**Чекор на напредок 3.1.1** Подготвување на извештај за утврдување на приоритети во регионалната патна мрежа.
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам.
Временска рамка: мај 2007 година

**Чекор на напредок 3.2.2** Изработка на техничко-инвестиционна документација за регионална патната инфраструктура.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче, Фонд за магистрални и регионални патишта.
Временска рамка: 2007 - 2011 год.

**Чекор на напредок 3.2.2** Лобирање на градоначалниците Радовиш и Конче до Фонд за магистрални и регионални патишта.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: 2007 - 2011 год.

**Под-цел:3.3. Подобрување на состојбата на постојните улици и тротоари во сите населени места во двете општини во период од 2007-2011 год.**

**Чекор на напредок 3.3.2** Извештај за локациите каде што е потребно подобрување на состојбата
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам
Временска рамка: декември 2007 година

**Чекор на напредок 3.3.3** Поднесување на извештај до Советот
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам.
Временска рамка: февруари 2008 година.

**ЦЕЛ:4.**
**Обезбедување на услови за развој на туризмот до крајот на 2009 год.**

**Под-цел:4.1. Реставрација на објекти од културно-историско значење во двете општини.**

**Чекор на напредок 4.1.1** Изготвување на меѓуопштинска програма за реставрација на културно-историски објекти.
Одговорност> Центар за култура „Ацо Караманов„ и Канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: декември 2007

**Чекор на напредок 4.1.2** Обезбедување на финансиски средства за реализација на програмата
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче, Министерство за култура на Р.Македонија и Канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: 2008-2011

**Под-цели:4.2. Развој на селски, еко и културен туризам преку воведување на нови народни манифестации-континуирано.**

**Чекор на напредок 4.2.1** Формирање на професионален тим за изработка на меѓуопштинска програма за развој на туризмот; туристичка карта и водич;
Одговорност> Канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: декември 2007

**Чекор на напредок 4.2.2** Обезбедување на финансиски средства за реализација на програмата
Одговорност> Канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: 2007-2009

**Чекор на напредок 4.2.3** Формирање на туристички информативен центар
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче, канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: јануари 2008 год.

**Чекор на напредок 4.2.4** Категоризација на приватните капацитети за сместување во Општините радовиш и Конче.
Одговорност> Канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: декември 2008

**ЦЕЛ:5.**
**Подобрување на општата инфраструктура за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на двете општини.**

**Под-цел:5.1. Изградба и реконструкција на систем за водоснабдување во период од 2007-2011 год. во двете општини.**

**Чекор на напредок 5.1.1** Програма за утврдување на приоритети во системот за водоснабдување во двете општини.
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам.
Временска рамка: декември 2007 година

**Чекор на напредок 5.1.2** Изработка на техничко-инвестиционна документација за утврдените приоритети во системот за водоснабдување.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
Временска рамка: 2007 - 2011 год.

**Чекор на напредок 5.1.3** Изготовка на апликации и доставување на техничката документација до донатори и надлежни министерства.
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам и канцеларија за ЛЕР
Временска рамка: мај 2007 декември 2011год.

**Под-цел:5.2. Изградба и реконструкција на канализационната мрежа во период од 2007 до 2011 год. во двете општини.**

**Чекор на напредок 5.2.1** Програма за утврдување на приоритети во канализационната мрежа во двете општини.
Одговорност> Раководител на сектор за урбанизам.
Временска рамка: декември 2007 година

**Чекор на напредок 5.2.2** Изработка на техничко-инвестиционна документација за утврдените приоритети во системот за отпадни води.
Одговорност> Градоначалник на општина Радовиш и Градоначалник на општина Конче
